ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ц.о.
СКОПЈЕ/SHKUP
Примено 04-01 2022
12-258/1

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ
Бр. 07-06/424-2
13.12 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ( " Сл. Весник на РМ " бр.98/2012 ....275/2019 година ) и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр.03-06/420 од 04.07.2014 година, Одборот на седницата одржана на ден 13.12.2021 година донесе :

# О Д Л У К А

За времено определување на висината за задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплата на посмртна помош

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош и понатака останува во износ од 140,оо денари за периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, поради зголемен број на починати корисници на пензија, а со цел за благовремена исплата на посмртната помош на членовите на семејствата на починатиот пензионер.

Член 2

Висината на исплатата на посмртната помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер изнесува 30.000,оо денари.

Член 3

Висината на членарината за членување во здруженија на пензионери ( членарина ) изнесува 30,оо денари.

Член 4

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.02-06/122-2 од 21.05.2021 година за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, висината на исплатата за посмртната помош и членарина објавена во Сл.Весник на РСМ бр.105/2021 год.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува со исплатата на јануарската исплата пензиите заклучно со исплатата на јунските пензии за 2022 година

Одбор на Регистрирана организација
солидарен фонд и членарина

Претседател

Ментор Ќоку